


Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Информатички и телекомуникациски технологии потребен/а е инженер/ка кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти.

# РАКОВОДИТЕЛ НА СЛУЖБА ЗА КОМПУТЕРСКИ МРЕЖИ (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Планирање, организирање, координирање, насочување на работата, давање на упатства и препораки за работењето, контрола на активностите и резултатите на вработените во Службата.
- Администрација и одржување на компјутерски мрежи и системи.
- Превентивно и реактивно одржување на компјутерски мрежи и системи, вклучувајќи софтвер, VPN, рутери и друг физички хардвер.
- Анализа и реализација на барања за промена „CR" – Change Request за надградба на компјутерски мрежи и системи.
- Следење и мониторирање на компјутерски системи со цел подобрување на мрежните перформанси.
- Решавање на проблеми со конфигурација на софтвер и/или хардвер на крајните корисниците произлезени од редовни проверки на системите.
- Користење и контрола на буџет за набавка и одржување на компјутерската мрежа и системите.
- Подготовка и реализација на проекти за мрежата и системите, анализи, пресметки, истражувања, избор и нарачка на опрема, конфигурација, тестирање и пуштање во работа, со запазување на утврдените временски рокови.
- Применува корпоративни, ИКТ и сигурносни политики, насоки, процеси и процедури.

**Потребни компетенции**

- Високо образование – Телекомуникации или Компјутерски технологии
- Искуство во инсталација, конфигурирање и одржување на Cisco мрежни системи,
- Искуство во подготовка и реализација на проекти за компјутерски мрежи и системи,
- Познавање на работа со NAS и SAN,
- Познавање на методологии за водење на ИКТ проекти: ITIL, COBIT, ISO 20000, ISO 27000,
- VCTA, VCP, CCNA, CCNP сертификација ќе се смета за предност,
- Одлично познавање на Англиски јазик,
- Релевантно работно искуство најмалку 4 години,
- Доверливост, исполнителност, иницијативност, високи аналитички способности, комуникативност, тимска работа
- Стриктно следење на утврдени временски рокови,

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 24.08.2021.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување која ќе ја најдете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx.

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува · encourage охрабрува · enable овозможува